


**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА**

**ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“**

**ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2020 година – ЈАНУАРИ 2021 година**

## 1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

На 18.10.2020 година, денот кога Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител прославуваше 1000 години од своето постоење, на Здружението „Бадникови поворки“ му беше доделен Орден Претеча II Ред. Ова бесценото признание кое ни беше доделено им го посветуваме на околу 15 илјади деца и нивните семејства од над 40 градови и населени места во Македонија, на плејада пејачи и музичари, актери и други уметници, ансамбли, продукциски куќи, медиуми и компании кои во Бадниковите поворки препознаа вистинска вредност и шанса во ова тешко време на технолошка опседнатост кај децата, да разбудиме љубов, радост и живост, да ги возобновиме и да им ги пренесеме вистинските православни традиции поврзани со Христовото Раѓање. Овој Орден исто така го посветуваме и на Бигорскиот Манастир и на нашата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, без чиј благослов, поддршка и совети не ќе можевме со сигурност да кажеме дека сме на патот на Вистината.

## 2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2020-та година и на почетокот на 2021-та година.

**3. Реализирани активности во текот на 2020-та година и во месец јануари 2021 година.**

3.1. Со оглед на пандемијата предизвикана од вирусот Ковид – 19, а согласно предвидените мерки за заштита на населението и воведените забрани за групирања и масовни собири, Здружението „Бадникови поворки“ одлучи овогодинешната Бадникова манифестација на 6-ти јануари да биде виртуелна.

Во текот на втората половина од 2020 година членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на виртуелната манифестација и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на договорените активности.

Со цел да искажеме благодарност на здравствените работници кои изминатите месеци пожртвувано работеа и се уште работат за грижа на болните лица кои се заразени со овој вирус, членовите на Здружението едногласно ја прифатија идејата на самиот ден Бадник, во утринските часови да се испратат топли поздрави заедно со пригодни подароци за медицинскиот персонал кој работи на инфективните клиники, како и Божикни честитки за пациентите кои во тие моменти ќе бидат згрижени на истите.

Со цел реализација на оваа идеа, преку нашите профили на социјалните мрежи истакувавме повици до сите дечиња, заедно со нивните родители, баби и дедовци да изработат Божични честитки со текстови и цртежи, кои потоа требаше да ги остават на означените пунктови за собирање Божикни честитки поставени во секој град и населено место, покрај Божикната пештера и елка.

Покрај ова, членовите на Здружението се согласија и оваа година да се посвети внимание на традицијата за приготвување на бадникови колачиња, кои имаат форма на бебето Исус. За таа цел беше разгледана и прифатена идејата да се подготват бадникови колачиња, кои на ден Бадник заедно со собраните честитки ќе се достават до медицинскиот персонал во инфективните клиники.

Покрај овие идеи, никако не се заборави на една од најважните активности на Здружението, која се практикува веќе 5-та година по ред, а тоа е возобновување на православните божикни песни кои што некогаш се пееле на

ова наше поднебје. За таа цел, беа превземени активности за возобновување на Божикната песна со наслов „Христос се раѓат, на светот радост!“.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението, и во текот на оваа година беа активни следните профилите на социјалните мрежи: Facebook група БАДНИКОВИ ПОВОРКИ, Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram, како и YouTube каналот Badnikovi Povorki.

3.3. Поконретно, во текот на втората половина на 2020 година и почетокот на 2021-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- Во текот на месец декември 2020 година во студиото „Подрумот“ во Скопје се реализираше снимање на овогодинешната возобновена Божикна песна „Христос се раѓат, на светот радост“. Довербата да ја овековечат во студио, им припадна на Љубојна и традицискиот оддел при ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“, како вистински чувари на нашата традиција, во соработка со пејачите: Анастасија Илиевска, Матеј Тушевски и Стојанче Костов; инструменталистите: Благојче Трајковски-кларинет, Тимко Чичаковски-канон, Петар Христов-кларинет и византиска лира, Оливер Настовски-ут, Игор Милевски-виолина, Оливер Јосифовски-византиски контрабас, џумбуш, византиска лаута, перкусии, контрабас. Снимање, миксање и мастеринг: студио „Подрумот“, музички инжинер: Ангел Ќосев, аранжман: Оливер Јосифовски.

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците кои доброволно го дадоа својот придонес во остварувањето на оваа активност:

**Вера Милошевска од Љубојна:** „*Заедно со Бадниковите поворки, во илјадалетието на Бигорскиот Манастир, на чија иницијатива и започна оваа наша света должност на враќање кон вистинските православни традиции, ќе направиме се' за да ви ги развеселиме срцата и да внесеме празничен божикен дух во вашите домови, но и на клиниките каде што медицинскиот кадар пожртвувано се бори да спаси човечки животи, а наши ближни се борат со*

*современата болест...Најтопло му благодариме на нашиот Владика Партениј, Игуменот на Бигорскиот манастир, за постојаната духовна поддршка во целата наша мисија...Ова е песна која што комплетно ја изработи "Љубојна", специјално за Вас и се надевам дека ќе го препознаете македонскиот бит, мијачкиот бит во неа и дека ќе уживате овој Божик, дека навистина ќе ви пренесеме радост во вашите домови и ќе ги развеселиме и вашите срца...„ХРИСТОС СЕ РАЃАТ, НА СВЕТОТ РАДОСТ!“ “*

**Оливер Јосифовски:** „*Божикната песна што оваа година ја возобновуваме и оставаме за навек, за генерациите што доаѓаат, потекнува од овие широки балкански простори, од времето на Ромејското Царство, Византија. Ја пееле нашите благочестиви претци, а кај нас најдолго се задржала меѓу мијачкото население, заради што и сегашнава возобновена верзија е испеана токму на мијачки дијалект. Ова го правиме во чест и спомен на богатиот творечки дух на Мијаците, на нивната вера и ревносна борба за зачувување на православната вера и традиција и во најтешките времиња. Песната, како и спотот што наскоро ќе се снима на одбрани локации во Галичник и Крушево, ќе бидат нашиот овогодишен Божикен подарок за вас. Не се опишува со зборови радоста што ново-возобновената песна ја носи со себе и моќната порака што ја пренесува на секого што ќе ја чуе...“*

- Во текот на месец декември 2020 година, во Галичник започна снимањето на спотот за Божикната песна Христос се раѓат, на светот радост! За реализација на оваа активност, се погрижија: режија - Дејан Пројковски, директор на фотографија - Горан Наумовски, монтажа и камера оператор - Стојан Стојановски, учесници : Љубојна, актер - Мето Јовановски, голем број на музичари и статисти, шминка: Марга Миновски, 2С Студио, Јасмина Колоска, Кристијана Ангелоска, Стојан Стојановски, стручен соработник - Антонио Стојчески, Хотел Неда - Галичник, Ансамбл Орце Николов - Сашо Кузаревски, Ансамбл Етнос - Ване Наков, Ансамбл Македонија - Владо Јаневски, Александар Костиќ - Претседател на месна заедница Галичник. Од се срце им се заблагодаруваме на сите учесници, кои доброволно го дадоа својот придонес, поддршка и помош за изработка на видео спотот.

- Во продолжение Ви пренесуваме изјави на дел од учесниците:

**Мето Јовановски, актер:** *„За мене е чест и привилегија што сум дел од оваа мала филмска сторија, како едно мало потсетување на некои наши традиционални обичаи, посебно мијачкиот крај, мијачката носија, кога во дадени денови во годината, како што е на пример Рожденството Христово, луѓето се облекуваат во најубавата одежда, одат во Црква, Му се поклонуваат на Богомладенецот, а потоа како домаќини дочекуваат деца, пејачи и ги даруваат богато... Еден прекрасен обичај и традиција наша македонска, која опстојува со векови, и убаво е, конечно ние, на некој начин, да оставиме документ, еден мал документ и придонес за овие и идните генерации, како потсетување дека опстојуваме со векови преку традицијата, преку обичаите и преку нашата Света Православна Црква...“*

**Дејан Пројковски, режисер: „***Многу ми е драго што сум дел од екипата која што го реализира овој Божикен спот, со благослов на Владиката Партенај... Мислам дека овие денови, го оживеавме Галичник, едно од местата кое што е симбол на Македонија и симбол на се' она што е, би рекол и народна традиција и семејна традиција... Мислам дека во спотот се обидуваме всушност да се присетиме дека меѓу овие прекрасни куќи, прекрасни места и локации, живееле сите наши претци со своите традиции, празнувања на Божик... и ако погледнеме некои стари фотографии од пред 100- тина години, секогаш се запрашуваме како би било кога ќе оживеат тие стари фотографии... Мислам дека преку спотот, сите ќе се присетиме на некои семејни вредности и традиции, кои што се подзаборавени и сега ги празнуваме на некој друг начин...“

**Александар Костиќ, Претседател на месна заедница Галичник:** *„Галичник деновиве го дава својот придонес во снимањето на Божикниот спот за "ХРИСТОС СЕ РАЃАТ, НА СВЕТОТ РАДОСТ!", за песната отпеана на мијачки дијалект... Верувам дека Галичани ќе бидат среќни што се учесници во ова историско дело кое не' потсетува на славното минато на кое се гордееме. Иако е крај на декември, во Галичник се чувствува раздвиженост како во минатото. Ова ќе остане да сведочи за она што сме го имале, но ќе ни даде и*

*поттик за повеќе труд, да го зачуваме и да го развиваме богатото културно наследство, за кое несомнено голем продонес имаат и Мијаците.*

- Спотот беше промовиран на нашиот YouTube канал на 06.01.2021 година.
- Во продолжение споделуваме неколку фотографии кои ја пренесуваат пријатната атмосфера која владееше во текот на снимањето на песната и на спотот:














IC
XH









➢ На 31.12.2020 година на нашиот YouTube канал беше објавен спот за песната „Небо и Земја“ со толкување на знаковен јазик, како еден вид подарок од Бадниковите поворки за глувите лица. Впрочем, песната „Небо и Земја“ е првата православна Божикна песна што добива толкување на знаковен јазик. Во овој дел изразуваме голема благодарност до Викторија Волак – сертифициран знаковен толкувач, која несебично помогна за реализација на ова добро дело.

➢ 06 јануари 2021 година – како што напоменавме погоре, оваа година околностите не дозволија да организираме Божикна манифестација, ниту да се собираме и формираме поворки, но сепак се обидовме радосно да го одбележиме овој ден со неколкуте активности кои ги имавме испланирано.

➢ Најпрво, членови на нашето Здружение посетија поголем дел од инфективните одделенија низ Републиката, со цел да ги израдуваат, утешат и развеселат болните, но и да им се заблагодарат на здравствените работници за посветеноста, грижата и пожртвуваноста во борбата против пандемијата. Божикни честитки со топли детски пораки и желби за побрзо оздравување на болните, како и традиционални бадникови колачиња за здравствените работници - тоа беа скромните, но со многу љубов подготвени, божикни подароци. Желбите за добро здравје, спокојни празници и што побрзо надминување на здравствената криза, беа обострани.

➢ Во знак на симболично одржување на традицијата за формирање бадникови поворки на радоста и свечена најава на Христовото Раѓање, точно во

12 часот во Скопје, озвучено возило на Здружението, во придружба на полициски возила, ја помина традиционалната патека на движење на бадниковите поворки во Скопје, од Црквата Св.Димитриј до Соборниот храм. Овој пат, без физичко присуство на луѓе, песната "Вечниот Бог" ечеше од звучниците на возилото, во исто време, кога и на покана на "Бадникови поворки", голем број деца и нивните семејства, во домашни услови, ја пееја коледарската песна и испраќаа силна заедничка молитва и порака за обединување на народот во вербата и надежта за подобро утре. Се надеваме дека оваа Бадникова поворка, ќе биде последна ваква без народ.

- Во продолжение пренесуваме дел од фотографиите направени при посета на инфективните клиники:























[1]

[1] Средствата што беа собрани на пунктовите во Куманово се искористија за купување постелнина, перници и топломери за Општата болница во градот. (Сликата е превземена од веб страната на mia.mk).

**4. Финансиски извештај**

Ве известуваме дека финансискиот извештај на Здружението „Бадникови поворки“ за 2020-та година, беше изготвен согласно законските одредби и истиот беше доставен до Централниот регистар на РСМ.

**5**. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец април 2021 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје